# МЕМОРАНДУМ

## За разбирање и деловно техничка соработка помеѓу

1. **ИНСТИТУТОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
2. **КОМОРА НА МАЛИ БИЗНИСИ**

### Член 1

Меморандумот има за цел да ја унапреди соработката помеѓу Институтот за акредитација на Република Македонија и Комора на мали бизниси или скратено КМБ, на транспарентен начин да ги соопштува своите активности, иницијативи за доградување на законската регулатива во доменот во кој делува Институтот за акредитација на Република Македонија како и помош во формирањето на јавната свест за имплементирање на директивите на Европската Унија од областа на работата на Институтот за акредитација на Република Македонија.

### Член 2

Институтот за акредитација на Република Македонија редовно ќе ја информира Комората за своите активности што се од значење за КМБ, а интернет страната на Институтот за акредитација на Република Македонија ќе може да биде користена како линк од КМБ и обратно.

### Член 3

Експертите и другите стручни лица кои се вработени во членките на КМБ се ставаат на располагање на потребите на Институтот за акредитација на Република Македонија во смисла на консултантски услуги, комисии и други потреби на службите на Институтот за акредитација на Република Македонија. Исто така, КМБ ќе лобира за потребите на Институтот за акредитација на Република Македонија преку своите воспоставени контакти во институциите на ЕУ во Брисел како и други институции во соседните држави каде КМБ има членки и интереси.

### Член 4

Меморандумот нема институционален и обврзувачки карактер заради што и разбирањето и добрата волја за унапредувањето на стопанството во земјата во рамките каде делуваат двете страни ќе дојде до израз не само кај членките на КМБ туку и кај другите стопански субјекти во земјата.

### Член 5

Меморандумот не е со временско ограничување и истиот може да се доградува и унапредува ако за тоа се јави потреба.

| | |
|---|---|
| ИНСТИТУТОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА<br>НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | СТОПАНСКА КОМОРА<br>НА МАЛИ БИЗНИСИ |
| ДИРЕКТОР,<br>Д-р Трпе Ристоски | ПРЕТСЕДАТЕЛ,<br>Слободан Софески |